**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски" бр.1*
*Тел.:032/483-131; факс:032/483-047*
*www.probistip.gov.mk  info@probistip.gov.mk*
***Одделение за урбанизам***

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Бр. 10–39/5 - од 08.07.2025 год.** **До** ______________________
**Пробиштип** ______________________

**Почитувани,**

Врз основа на член 49 став (4) од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и бр.40/25 год.), Ве известуваме дека ќе се одржи

**ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА**

со стручно презентирање на

**Нацрт план за Обединета постапка за Измена и дополна на Генерален Урбанистички план за град Пробиштип за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1 и Детален урбанистички план за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1, Општина Пробиштип, за плански период (2024-2034)**, со Тех. Број 32/2024 од Декември 2024, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје, ќе се одржи на ден **14.08.2025 год.** (четврток), со почеток во **11.30** часот во салата на Советот на Општина Пробиштип, во Домот на културата - Пробиштип.

**ЈАВНА АНКЕТА** по

**Нацрт план за Обединета постапка за Измена и дополна на Генерален Урбанистички план за град Пробиштип за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1 и Детален урбанистички план за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1, Општина Пробиштип**, со Тех. Број 32/2024 од Декември 2024, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје, ќе трае **30** (триесет) **дена** и во електронска и во писмена форма, секој работен ден од **7.30** до **15.30** часот во просториите на Одделението за Урбанизам при општина Пробиштип, во периодот од **24.07.2025 год.** до **22.08.2025 год.**, во кој период заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на **анкетните листови**, кои можат да ги подигнат од Општинскиот центар за услуги (шалтерот) во зградата на кино салата, и од ***web*** страната на Општина Пробиштип, или во електронска форма преку информацискиот систем ***e-urbanizam.*** Во прилог на анкетните листови да се достави копие од катастарски план и имотен лист за парцелата за која се доставува забелешката.

**Графичкиот прилог** од Нацрт планот за Обединета постапка за Измена и дополна на Генерален Урбанистички план за град Пробиштип за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1 и Детален урбанистички план за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1, Општина Пробиштип, ќе биде изложен на огласна табла пред влезот на Општинскиот центар за услуги (шалтерот) во зградата на кино салата, објавен во информацискиот систем ***e-urbanizam*** и на ***web*** страната на Општина Пробиштип ***www.probistip.gov.mk***, а подетални информации во врска со горенаведениот план

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски" бр.1*
*Тел.:032/483-131; факс:032/483-047*
*www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk*
***Одделение за урбанизам***

може да се добијат во Одделението за урбанизам на Општина Пробиштип, кое се наоѓа во просториите на зградата на кино салата на вториот кат. Се со цел навремено доставување на писмени забелешки, предлози или мислења преку анкетни листови и активно учество во јавната анкета и јавна презентација, Ве покануваме да ја разгледате и направете увид во истата на *web* страната на Општина Пробиштип: *www.probistip.gov.mk* во периодот на времетраењето на јавната анкета. Доколку во овој временски рок не доставите анкетни ливчиња, ќе се смета дека немате никакви забелешки, предлози или мислења по Нацрт планот за Обединета постапка за Измена и дополна на Генерален Урбанистички план за град Пробиштип за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1 и Детален урбанистички план за Урбан Блок 3 и Урбан Блок 6.1, Општина Пробиштип.

Изготвил: Ј.Дукоска
Одобрил: Б.Станојковски

**м.п.**

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Градоначалник**
Драган Анастасов

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
2
ПРОБИШТИП